*Ташко БЕЛЧЕВ*

# ЈУЖНИТЕ СЛОВЕНИ ВО КОРЕСПОНДЕНЦИЈАТА, РОМАНИТЕ И МЕМОАРИТЕ НА МИХАЛ ЧАЈКОВСКИ

## Резиме

## на одбранетата докторска дисертација на 12-XII-1972 година

Соочувајќи се со животот и творештвото на Михал Чајковски, кој на времето, во средината на минатиот век, беше мошне популарен полски писател, а потоа заобиколуван и премолчуван, останав со убедување дека станува збор за случај што бара еден нов пристап, па дури и рехабилитација. Освен тоа за личност, каков што беше М. Чајковски, чија дејност не беше од чисто книжевен карактер, секогаш постојат можности и аргументи во извесни епохи нивното дело и значење да не се дооценува или пак да се одминува. Очигледно е дека денес такви аргументи губат од својата некогашна сила, то ест дека се создаваат услови за еден посмирен и пообјективен пристап кон делото на животната мисија на оваа необична и најблаго речено добронамерна личност на полскиот романтизам.

Созреа времето да се определат вистинските димензии и на неговите заслуги, неговите позитивни страни како во литературна така и во општествено-политичка смисла. Поради тоа уште пред десет години ме привлече животот, книжевната дејност и други идеи на Михал Чајковски, посебно од аспектот на Балканот. Тоа беа главните причини за моето определување.

*
* *

Чајковски како шеф на Источната агенција на Чарториски, од сè најповеќе беше загреан за идејата — *обединување на Јужните Словени*, која ја сигнализира уште во Париз 1838 година на страниците на романот „Крџали". Тој во таквото единство го гледаше идниот природен сојузник на Полјаците во борбата за ослободување на нивната татковина од тројното ропство.

Неговиот дипломатски пристап кон отворените проблеми, одличното познавање на францускиот јазик, запознавањето со дипломатите на таа земја, му ја олесни работата меѓу српските емигранти во Цариград (Тома Вучиќ-Перишиќ и др.), во чие лице открил луѓе готови да се посветат со своите способности не само за делото на Србија, туку и за обединувањето на сите други Јужни Словени. Чајковски стоеше на становиште дека Србија е единствениот народ меѓу Јужните Словени која поседува сè што е потребно за да застане на чело на јужнословенските народи и да ги прибере околу себе. „Таа има, така да се рече, пишува Чајковски, аристократија на разумот и дејството, нешто што другите народи воопшто го немаат, тие поседуваат живот и политичка енергија". Постоеја, се разбира, и извесни тешкотии во оваа соработка. Тоа беа, пред сè, разликите од верски карактер (Полјаците — католици, а Србите — православни), но Чајковски, благодарејќи на толерирањето на религијата ќе ги отстрани сите пречки и неговата политичка агенција ќе стане спроводник на полско-словенската политика на Чарториски, кој се беше спротивставил на рускиот панславизам и неговото влијание врз балканските Словени.

Чајковски настојчиво работи врз будењето на националната свест кај Јужните Словени за самостојно постоење и бит во рамките на Отоманската Империја. Убеден дека е изневерен од Чарториски и францускиот „гениј", Чајковски дури за сметка на народноослободителното движење на балканските Словени ќе стори сè што е возможно, за да се зачуваат придобивките од изминатата деценија на Балканот. За оваа цел нему му претстои најголемата битка. Тој треба да ги увери турските државници во Цариград дека единствено со слободни Словени на Балканот и во сојуз со нив тие ќе можат да ја зајакнат Отоманската Империја.

Речиси немаше историски и политички настани на Балканот од средината и втората половина на XIX-от век што не го заинтересирале овој полски писател, политичар и дипломат. Така, со настаните во Босна, Чајковски им праќа совети на своите потчинети што да работат. Најновите моменти се состојат во тоа што сега тој гледа по секоја цена да ја принуди Турција да ја нападне Австрија. Со таа цел, една од точките во инструкциите од тој период гласи: Да се настројуваат војниците, колку што може, против Австрија и да им се каже дека треба да се нападне таа држава; дека Босна треба да стане алка на српската влада, а на црногорскиот владика да се влијае во духот на зближување со Србите. Сето ова зборува дека Чајковски отишол многу подалеку во своите планови во споредба со оние на Чарториски.

Чајковски од Цариград ги прави и последните напори да им помогне на *словенофилите* во движењето за создавање на јужнословенска федерација, во која, покрај Србија и Хрватска, би се вклучиле Босна, Бугарија и Илирија. За безрезервното учество на Чајковски во оваа акција и неговата искрена работа за нејзиното реализирање, сведочи и фактот дека тој без одолговлечување го испратил Зах во

Загреб, со цел да работи од името на Источната агенција за одвојување на Словените од Австрија, Германија и Унгарија во името на идното јужнословенско кралство или република.

Чајковски е против учеството на полските војници и генерали во унгарските настани во 1848 година, бидејќи тие настани не беа во интерес на словенското единство на Балканот, а Унгарците од поробен народ се претворија во народ со претензии, за сметка на Јужните Словени. Затоа Чајковски жали зошто Чарториски да се согласи на овој политички и военен потег, кој беше против интересите на Јужните Словени.

Од извршените испитувања во овој труд може да се заклучи дека дејноста и творештвото на Чајковски не се монолитни. Тој во почетокот, иако произлезе од позициите на Демократската партија, бидејќи не најде соодветна почва за реализирање на своите козакофилски идеи, премина на страната на кнезот Адам Чарториски, но со времето и него ќе го напушти, бидејќи програмата на „Хотел Ламберт“ не му одговарала, па дури и му пречела за реализирањето на неговата протурска платформа — протурско словенофилство. Фијаското на овој негов политички чекор, истовремено консеквентното словенофилство, авторот на романот „Крџали“ ќе го доведе на позициите на панславизмот. А последниов, во лицето на поразеното Јануарско востание, го плати со најскапото — популарноста и доброто име во неговата земја.

Литературна *демонстрација* на првиот демократски период во областа на балканската тематика е романот „Крџали“ (1838). Ако погледнеме повнимателно на оваа книга, ќе видиме дека причината за успехот не е во егзотизмот, туку во новооткриениот рудник на медитации и проблематика многу блиска и општа со судбината на Полска. Тука веднаш се раѓа прашањето за основата, за почвата врз која израснал и која нѐ тера да ја бараме душевната врска или подлогата на ова зближување. И навистина таа основа не е случајна, како што не беше случајно што Чајковски така неочекувано се загреа за судбината на Јужните Словени, на што ќе посвети речиси полни 40 години од својот живот, бранејќи ги интересите на Словените на Балканот.

Романот „Крџали“ сведочи дека Чајковски, како писателски талент се „влијаел“ од историските романи на Валтер Скот, но балканската тематика која за Полјаците беше рамна на егзотика, го прави овој роман да биде еден од најпопуларните негови дела („Верниxора“, „Стефан Чарњецки“, „Украински хетман“, „Кошовата“, „Овручанин“ и др.), во кои Чајковски не е само автор туку и „главен јунак“, бидејќи во нив е вклучен пред сѐ неговиот личен живот со своите немири и авантури, без оглед на тоа што во нив станува збор за конкретни историски настани и ликови.

Чајковски успеал да викне во суштината на душата на оние слоеви на Балканот кои сигнализираат ново време (време на српските

револуционери, италијанските карбонари, грчките „арматоли" — револуционери од 1821 год., македонските комити и др.). Тоа се луѓето кои со својот живот и борбените традиции отвораа нова ера на Балканот и посебно меѓу Јужните Словени, чиј одраз го најдоа на страниците на романот „Крџали". Меѓу овој роман, со решителен антитурски профил и романите од вториот период на неговото творештво — расказите во книгата „Козакството во Турција", „Босна" и „Бугарија" — има огромна разлика. Слично како и во неговата дипломатско-политичка и воена дејност, последниве книги ќе бидат со протурска „симпатија", а истовремено со јака доза русофилство, кое се родило како неопходност за „продолжување" на неговото словенофилство.

Извршената компарација меѓу политичко-дипломатската и воената дејност и литературното творештво нè води кон заклучок дека книжевната дејност на Чајковски претставувала единствено средство за реализирање на неговите политички идеи, факт што сам го потврдува во предговорот на третото издание на романот „Овручанин".

Советите што им ги давал на народите на Балканот, организирањето на Козаците и другите доброволци од Балканот, како и сета негова дејност што била заснована врз Портата го доведоа до крах целиот животен план на авторот на „Крџали", — до сломот што стана причина тој да им се предаде на милост и немилост на Русите и како резултат на сето тоа да го заврши својот живот трагично — со самоубиство.

Програмата на Михал Чајковски беше чиста утопија и базирана на нереални претпоставки, на добрата волја и возможностите на мирниот протекторат на Турците на Балканот, а посебно на балканските Словени.

Тргнувајќи од полски аспект, протурската програма, а истовремено и антитурската биле оправдани, додека од балкански — не, бидејќи ако се земе предвид окупацијата на тие народи од Портата, ситуацијата темелно се изменува. Тоа Чајковски или не го разбирал или, пак, не сакал да го разбере како Полјак.

Оттука може да се заклучи дека позитивната програма на Чајковски во однос на Јужните Словени е базирана врз погрешна основа, а тоа е протурската наклоност. Најдобар пример за тоа е „Крџали" — роман кој стана популарен не само во Бугарија и Србија, туку и за многу други народи, додека „Босна" до денес остана да жолтее во ракописи.

Идеен спроводник за Чајковски во неговата дејност, не исклучувајќи ја и литературната, беше словенофилството — популарно движење во тоа време. Од него авторот на „Крџали" го извлекол нереалното козакофилство и далеку пореалното јужнословенофилство. Тоа движење во своите основи беше прогресивно, бидејќи се стремеше да се спротивстави, главно, против германизацијата, иако не ги земаше предвид стремежите за кристализирање на националноста на одделни народи.

Врз основа на разгледаните дела на Чајковски треба да се каже дека тој не отишол толку далеку, па дури и во другата негова дејност не станал унитарист, зборувајќи само за федеративните планови, со зачувување на одделни словенски народи, факт што го потврдуваат и самите наслови на романите — „Бугарија" и „Босна".

Ова сведочи дека ако целото словенофилство тонело во утопија — програмата на Чајковски имала извесни реални основи потврдени од историјата, на пример на Југославија, Чехословачка и обединувањето на Источните Словени.

Практицизмот на Чајковски беше изразен уште на едно место: со организирањето на „словенската војска". Овој факт е апсолутно позитивен за што сведочи бугарската историја, која не го напаѓа Сад'к-паша, иако тој бил испратен, меѓу другото, и против бугарските комити.

Чајковски е во право кога решил да организира словенска армија и им сугерирал на Бугарите и другите Јужни Словени да ја поддржат, зголемувајќи ги нејзините редови. Таа можела да стане реална сила ако командантот не бил толку лојален спрема Портата.

Сите овие идеи се одразени и во неговото литературно творештво, се разбира, за сметка на уметничката страна на романите. Ако „Крџали", кој беше напишан пред започнувањето на дипломатско-политичката и воената дејност на Чајковски, — е зрел роман од литературен аспект, тогаш „Босна" и „Бугарија" остануваат само како чисти памфлети. Впрочем, не е првпат во литературата, политичката дејност да ја наруши естетската рамнотежа на литературното дело. Оттука можеме без двоумење да заклучиме дека Чајковски од првиот период го наречуваме писател кој ја издига балканската тематика во полската литература на високо ниво, додека истиот тој Чајковски, станувајќи политичар, дипломат и генерал, заостанува во своето литературно творештво како писател уметник. Неговата литературна дејност од вториот период е само дополнување на неговата политичка дејност — дипломатијата и неговата воена кариера.

Ако сакаме да ги истакнеме заслугите на овој писател, на прво место треба да констатираме дека тој е новатор во полската литература со јужнословенска тематика и им отвора пат на низа други писатели кои започнаа по него да се занимаваат со слични теми — Јеж, Бжозовски и др.

Второ, ако Мицкјевич во полската литература успеал да оформи лик КОНРАД ВАЛЕНРОД и да создаде неопходен тип на своето време со помошта на далечното минато на Литва, назначувајќи му конкретна мисија во периодот на романтизмот и поконкретно во епохата на Ноемвриското востание, оформен како идеја за спасување на честа на татковината, — тогаш Чајковски под влијанието на големиот полски поет се обидел да го создаде ликот на Крџали, кој го надраснува своето време, и да го претвори во симбол, херој неопходен во иста мера и

степен за решавање на судбината на балканските народи и посебно на балканските Словени. Ова не го крие авторот на „Крџали", бидејќи во предговорот на романот го наречува својот јунак „СЛОВЕНСКИ ВАЛЕНРОД".

Трето, Чајковски на оваа релација намеравал да изврши координација меѓу Словените на Балканот, Романците, Грците, Албанците и др. — како неопходен елемент во општата борба против отоманскиот окупатор. Крџали како најзрела и дооформена личност во таа средина во овој поглед го следи примерот на Милош Обреновиќ.

Четврто, поентата на идејата за доверба меѓу Јужните Словени, која е изградена врз основа на заемна спогодба, претставува факт близок до самите историски настани во движењето на крџалиите.

Авторот не случајно дава претставници од сите Словени (Јужни, Западни и Источни), тој всушност со ова алудира на поширок план за нивното сплотување и обединување во борбата против поробувачот. Духот на старата словенска слава има своја конкретна цел — *да разбуди кај читателот гордост за минатото на Словените*.

Петто, најпосле самата смрт на романтичарскиот јунак од рацете на Козакот Нечај зборува дека Чајковски дошол до заклучок (врз основа на личниот опит од времето на Ноемвриското востание, а и од историјатот на сите претходни востанија во таа земја), дека меѓу Јужните Словени, како и меѓу Словените воопшто, се одигруваат работи со нерасчистена заднина, кои претставуваат најголема пречка во борбата за нивното ослободување. Ова значи дека смртта на Крџали не е обичен крај на еден романтичарски херој, туку филозофски осмислено финале преку кое авторот ги предупредува Словените на опасноста од меѓусебните расправии што често доведуваат до најлошото, до национална катастрофа. Тука Чајковски пред сé алудира на опитот на полската, украинската и јужнословенските нации под туѓа доминација.

По однос на Јужните Словени со своето творештво и пред сé со романот „Крџали", како и со целокупната своја дејност Чајковски исполнува функција на будење на националната свест и популаризирање на балканската проблематика не само кај полската, туку и кај европската јавност.

За нас Македонците Чајковски е посебно интересен по оставените од него патеписни белешки за Македонија, посебно со описите на градовите Солун со неговата околина, Еницевардарско, Воден со природните убавини, Островското Езеро и легендите за него, потоа Битола со стариот и новиот лик, Прилеп со легендите за Крали Марко, по кој повод Чајковски ги потсетува археолозите да дојдат и да видат дека и Словените во овој дел на Балканот имале и имаат свое минато и сегашност.

Авторот на белешките „Низ Македонија“ во градот Велес се восхитува на сѐ што се зачувало кај Македонските Словени и нивниот горд Вардар и на еден симболичен начин ги повикува Јужните, Западните и Источните Словени да се сплотат во една единствена сила и да се спротивставaт на ропството на тие народи, факт кој сведочи дека Чајковски си останува, иако далеку од својот роден крај, консеквентен словенофил, вклучувајќи ги и Македонците во големото словенско семејство.